**Средба на градоначалникот на Шуто Оризари со неговите соработници и студенти Роми како инспирација и проток на идеи за подобрување на ромското образование**



„*Човекот учи додека е жив“.-Народна поговорка*

Ова е поговорка која што започнува со ЧОВЕКОТ, не започнува со ниту еден епитет пред неа, не започнува со никаква боја, поговорката не започнува со никаква раса, никаква националност, таа е толку широко отворена и носи силна порака со себе, што нејзината големина не може да биде споредена со ништо присутно и ништо толку многу големо и значително како неа. Така се докажаа и нашите студенти Роми кои се вклучени во проектот „Биди дел од заедницата –

дебатирај“, финансиски поддржан од Фондација Отворено Општество Македонија. Тие храбро и несебично се вклучија во учење на нови вештини кои ги изградија да размислуваат на критички начин, да истражувааат во полиња кои се надвор од нивните студии и да понудат решенија за јавните политики што се креираат за ромската заедница.

По првата одржана дебата на теза „Малата семејна поддршка на ромските ученици негативно влијае врз успехот во основното образование“ студентите дебатери заедно со координаторот на проектот беа подготвени да ги пренесат препораките од дебатата на јавни личности кои може да помогнат да се имплементираат препораките во креирањето на јавните политики за учениците Роми во основното образование.

На 14 декември беше одржана средба помеѓу градоначалникот на Општина Шуто Оризари, Курто Дудуш, директорот на ООУ„Браќа Рамиз и Хамид“ , Алвин Салимовски и директорот на ООУ„26-ти Јули“ , Дритан Ганиу, советничката од Одделението за образование при општината, Рамиза Сакип и тројца студенти дебатери заедно координаторот на проектот од здружението Ромаверзитас. На средбата со градоначалникот Курто Дудуш студентите имаа можност да ги споделат заедничките искуства и знаења како и да ги пренесат препораките од дебатата.

Градоначалникот Курто Дудуш среќно соопшти дека општината Шуто Оризари за прв пат е широко отворена за сите иновативни и ефективни младински иницијативи. Општината за прв пат вовела образовни медијатори како и вработен советник за образование и работи во насока на развивање на квалитетно образование.

На средбата стигнавме до неколку заклучоци и интервенции кои треба да бидат преземени со цел мотивација на Ромите студенти и сè друго останато што е потребно да се преземе. На средбата секој даваше по некоја идеја како да се унапредат и како да се реализираат дел од 16-те препораки кои ќе им помогнат на учениците Роми да ги мотивираат со градење на нивната иднина.

Бура на идеите кои беа согледани за време на средбата се:

- Како најголема мотивација на сите Роми ученици треба да им бидат студентите и дипломираните Роми. Тие можат да одат во основните училишта и да им ги раскажат нивните успешни приказни како стигнале до тоа да бидат студенти и дипломирале. Така би се зголемил бројот на средношколци и студенти.
- Ромаверзитас да ги насочува студентите да аплицираат на програмата за студенти тутори кои ја нудат од Министерството за образование во учебната 2019/20120. А училиштата ќе им помогнат на родителите да побараат студент за тутор по предметите каде што учениците имаат слаби оценки.

- Општината Шуто Оризари може да креира интернет апликација во соработка со училиштата од општината преку кои ќе се следи учењето на учениците. Во нив пристап би имале самите ученици, родителите, наставниците и туторите.
- Општината во соработка со телекомуникациските компании би можела да обезбеди на училиштата и образованите медијатори да имаат пакет бесплатни разговори преку кои ќе им се јавуваат на родителите за сите обврски кои ги имаат кон училиштето. На тој начин би се зголемила одговорноста кај родителите кога би имале поголем контакт со наставниците и образовните медијатори.
- Родителите да бидат информирани од страна на училиштата и образовните медијатори за нострификација на сведителствата на повратниците од странство и колку можат најмногу да останат во странство за да се вратат во тековната учебна година и да го продолжат образованието. Исто така да се информираат родителите за детскиот додаток.

Овие неколку потточки беа дискутирани за време на средбата. Градоначаникот, советничката, директорите и студентите беа задоволни од разговорите и сите се согласија дека се големи предизвиците што се поставени пред нив. За прв пат студентите имаа можност да ги пренесат организирано и конструктивно идеите кон лицата кои можат да придонесат во развојот на ромската заедница. Но тие не застануваат тука, продолжуваат и понатаму да соработуваат со останатите носители на одлуки . За тоа ќе бидете известени!

Автор: Ценгиз Мемедовски